Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonise se Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-65/1
Датум: 13-01-2025

По претставката бр. 08 – 786/1 од 26.12.2024 година, поднесена од [redacted] против [redacted] и Министерство за внатрешни работи, за заштита од дискриминација врз основа на социјално потекло, образование, политичко уверување, возраст, лично својство и општествен статус, во областа на работата и работните односи Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К
### за отфрлање на претставка поради ненавременост

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08–786/1 од 26.12.2024 година, поднесена од [redacted] против [redacted] и Министерство за внатрешни работи, за заштита од дискриминација врз основа на социјално потекло, образование, политичко уверување, возраст, лично својство и општествен статус, во областа на работата и работните односи **поради ненавременост.**

### О б р а з л о ж е н и е

На ден 26.12.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација врз основа на социјално потекло, образование, политичко уверување, возраст, лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи, од страна [redacted] против [redacted] и Министерство за внатрешни работи.

Имено, подносителот на претставката наведува дека бил подложен на дискриминаторски третман од страна на неговата претпоставена, [redacted]а, која била во својство на началник на Одделението за управни работи Скопје („**ОУР Скопје**“) при Министерството за внатрешни работи. **Во временскиот период од 29.10.2023 година до 26.2.2024 година додека подносителот работел на тоа работно место, посочената како дискриминаторка воопшто не му дозволувала на подносителот прекувремена работа и работа за време на празник и во недела.** Подносителот потенцира дека во конкретниот временски период имало зголемена потреба од таков ангажман, поради замената на личните документи на граѓаните со старото уставно име. Тој тврди дека нееднаквиот третман се состои во тоа што претпоставената истото им го дозволувала на другите вработени во ОУР Скопје кои биле членови и симпатизери на партијата Социјалдемократски Сојуз на Македонија („**СДСМ**“) во времетраење од 32 часа и дополнително, на ден 14.2.2024 година им доделила награда во износ од нивната месечна плата. Во таа смисла, подносителот наведува дека посочената како дискриминаторка го омаловажувала, одбивала секаков контакт со него и го испраќала на работни места кои не постоеле во систематизацијата на прописите на Министерството за внатрешни работи. Дополнително, подносителот наведува дека со наведеното однесување, таа му нанела финансиска штета од 76,000 денари во нето износ.

Согласно член 24 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација *„претставка може **да се поднесе најдоцна во рок од шест месеци од дознавањето за актот на дискриминација** или најдоцна една година од денот кога била сторена повредата“.*

**Во конкретниот случај подносителот го пропуштил пропишаниот субјективен рок за поднесување на претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Имено, според наводите од претставката, дискриминаторските дејствија се одвивале во периодот од 29.10.2023 година до 26.2.2024 година, додека претставката до Комисијата била поднесена на 26.12.2024 година. Во таа смисла, од наводите во претставката јасно произлегува дека подносителот бил свесен за наведениот дискриминаторскиот третман, но претставката не ја поднел во законски предвидениот рок.**

Од причина што подносителот го пропуштил субјективниот рок за поднесување на претставка, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок и ја отфрли претставката поради ненавременост.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]